# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите редовните студенти на **прв циклус** (додипломски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна дека можат да станат корисници на субвенциониран студентски оброк под условите определени со Законот за субвенциониран студентски оброк (Службен весник на РСМ, бр. 31 од 10.2.2020 година) **https://dejure.mk/zakon/zakon-za-subvencioniran-studentski-obrok**

Право на пријавување во **августовскиот рок ( од 1-ви до 31-ви август )** имаат **РЕДОВНИ студенти** на прв циклус студии со запишан летен семестар во учебната 2020/21 година.

Во **октомврискиот рок ( од 1-ви до 31-ви октомври)** право на пријавување имаат **ново запишани** студенти во прва година во учебна 2021/22, како и студенти кои не го запишале летниот семестар во учебната 2020/2021, а ќе го запишат зимскиот семестар во учебната 2021/22.

Министерство за образование и наука подготвува електронска апликација преку која секој кандидат може да се пријави за користење на правото на субвенциониран студентски оброк.

Во оваа електронска апликација секој кандидат ги внесува бараните податоци кои ги обработува и одобрува Министерството за образование и наука

Пријавувањето за субвенциониран студентски оброк ќе се врши по објавен Јавен повик на web страната на Министерство за образование и наука, по електронски пат.

Студентите кои ги задоволуваат условите согласно со Законот за субвенциониран студентски оброк, ќе се пријавуваат електронски на интернет порталот на Министерството на е-адресата: **https://e-uslugi.mon.gov.mk**;